# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 28 Ноември 2007 година<br>Службен гласник број 22<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕНОТ НА СОВЕТОТ: ДАРКО НАСЕСКИ**

1. Решението за констатирање престанок на мандат на членот на Советот: Дарко Насески, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2626/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.11.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 46 став 2 алинеа 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 26 став 1 точка 46 и член 34 став 2 алинеа 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.11.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за констатирање престанок
на мандат

1. Се констатира престанок на мандатот на Дарко Насески, член на Советот на Општина Прилеп од листата на кандидати на коалицијата ВМРО - ДПМНЕ+, поради поднесена оставка од лични причини.
2. Мандатот на членот на Советот му престанува на 23.11.2007 година.
3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 2598/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.11.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА НАРЕДНИОТ КАНДИДАТ ОД ЛИСТАТА НА КАНДИДАТИ ОД ВМРО - ДПМНЕ +, МИЛЕ ЖЕЛЧЕСКИ, ЗА ОСТАТОКОТ НА МАНДАТОТ НА СОВЕТОТ**

1. Решението за верификација на мандатот на наредниот кандидат од листата на кандидати од ВМРО - ДПМНЕ +, Миле Желчески, за остатокот на мандатот на Советот, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2626/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.11.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 76 став 1 од Законот за локалните избори ("Службен весник на РМ" бр. 45/2004 - пречистен текст) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.11.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за верификација на мандат

1. На Миле Желчески му се верифицира мандатот на член на Советот на Општина Прилеп од листата на кандидати на коалицијата ВМРО - ДПМНЕ+, за остатокот на мандатот на Советот.
2. Свечената изјава, членот на Советот, ја потпишува пред претседателот на Советот.
3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето "Службен гласник на Општина Прилеп.
4. Решението да се достави до именованиот, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 2598/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.11.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА КОМАНДИР НА ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ – ПРИЛЕП**

1. Решението за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност – Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2626/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.11.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за полиција (“Службен весник на РМ” бр. 114/2006), член 36 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002)и член 26 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.11.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност - Прилеп

1. Пецо Димоски, дипломиран економист со VII степен Економски факултет и 6 години работно искуство се избира за Командир на Полициска станица од општа надлежност – Прилеп.
2. Решението влагува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".
3. Решението да се достави до Министерот за внатрешни работи, архивата на Полициската станица од општа надлежност – Прилеп, именованиот, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 – 2598/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.11.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ – ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГЕНЕРАЛЕН**

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување Нацрт – измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2626/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.11.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 23.11.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град ПРИЛЕП**

**Чл.1**

**Се утврдува Нацрт,измени и дополнувања на ГЕНЕРАЛЕН урбанистички план на град Прилеп**, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** од исток осовината на улица "Иво лола Рибар",на југоисток граница е регионалниот пат Прилеп –Битола,на југозапад во еден дел граница е Селечка река ,на западната страна новопроектирана сообраќајница И границата на Урбан модул 18/2,согласно ГУП, и на северозападната страна граница е осовина на улицата "Цане Кузманоски".**Вака определениот опфат е со површина од 35,60 ха.**

**Чл.2**

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

**1.Измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град Прилеп ,** фаза Нацрт План изработен од А.Д. ,, ЗУАС" од Скопје,**техн.бр.1571/2007,**од Октомври 2007год.,кој,содржи:

**ОПШТ ДЕЛ**

1.Насловен лист
2.Содржина
3.Регистрација на проектанска организација
4.Лиценца на проект.орг.за исработув.на урб.планови
5.Лиценца за планерот

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А -Текстуален дел**

1.Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со опис на неговите граници и површина;
2.Историјат на планирање и уредување на подрчјето на планскиот опфат и неговата околина, хронолошки преглед;
3.Податоци за природни чинители;
4.Демографски карактеристики;
5.Состојба на создадени вредности;
5.1.Домување;
5.2.Комерцијални и деловни намени
5.3.Јавни институции
5.4.Ненаменет простор
5.5.Постојна инфраструктура
5.5.1.Сообраќај;
5.5.2.Хидротехничка инфраструктура;
5.5.3.Електроенергетика;
5.5.4.Телефонска мрежа;
6.Постојни споменични целини;
7.Нумерички показатели;
8.Анализа на степен на реализација
9.Анализа на можностите за просторен развој

**Б. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

1.Извод од Просторен план на Р.Македонија М=1:250000
**2.1.**Извод од ГУП на град Прилеп-2001-2011
Намена на површини М=1:5000
2.2.Извод од ГУП на град Прилеп 2001-2011
Поделба на блокови М=1:10000
3.Синтезен план –постоја состојба
М=1:5000
4.Документациона основа-сообраќај
М=1:5000

5.Документациона основа-водовод и канализација
М=1:5000

6.Документациона основа-електрична мрежа
М=1:5000

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1.Вовед

2.Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат;

3.Извод од просторен план на РМ;

-Услови за планирање на просторот;

4.Планска програма

5.Опис и образложние на планскиот концепт на просторнио развој;

6.Опис и образложение на планските решенија ,планирање на потребите за просторен развој

6.1.Проекција на население;

6.2.Планирање на станени потреби;

6.3.Планирање на потребите за просторен развој на јавни институции;

6.3.1.Образование И наука

6.3.1.1.Предучилишни детски установи;

6.3.1.3.Средно и високо образование

6.4.Планирање на потребите за просторен развој на комерцијални И деловни намени

6.5.Планирање на потребите за просторен развој на производство дистрибуција и сервиси;

6.6.Планирање на потребите за просторен развој на зеленило и рекреација;

6.7. Планирање на комунални дејности;

6.8. Планирање на потребите за комунална инфраструктура;

6.8.1.Нивелациски план

6.8.2.Сообраќајно решение;

6.8.3.Хидротехничка инфраструктура;

6.8.4.Електроенергетика;

6.8.5.Телефонска мрежа;

**7.НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

**7.1.Нумерички показатели на ангажирана површина по намена**

**7.2.**Билансни показатели

**8.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА**

8.1.Урбанистички мерки за зашт. на терит. и нејзината содржина;

8.2.Заштита на територијата од стихијно градење без планска доку-ментација и заштита на животната средина;

8.3.Заштита на територијата од природни катастрифи;

8.4.Заштита на извориштата на водата за пиење и наводнување

8.5.Заштита на градежно наследство и урбано-амбиентална средина

8.6..Заштита од воени разурнувања;

8.7.Заштита од технички катастрофи;

8.8.Услови за движење на инвалидизирани лица;

**9.ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**10.УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ**

10.1.Општи услови за просторен развој

10.2. Посебни услови за детално планирање на просторот

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1.Синтезен приказ-план на намена на земјиштето и регулационен план М=1:5000;

2.Сообраќаен план
Нивелацискиплан
М=1:5000;

3.Инфраструктурен план
М=1:5000

**2.Програма** за дон.урб.планови за 2006год.

**3. Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот** од Ноември 2007г. изработена од “ Ин-Пума ” –ДОО - Скопје,заведена во Општина Прилеп под бр.09-1962/3 од 09.11.2007год.

**4.Извештај за постапување по забелешките од стручната ревизија од Мај 2007год.**,од изработувачот на планот ,заведен во Општина Прилеп под бр.09-1962/4 од 13.11.2007год.

**5.Стручно мислење бр. од2007год.** издадено од Министерство за трант и врски-Сектор за уреду. на просторот –Скопје.

**6.Извештај за постапување по забелешките од стручното мислење** изработен од страна на изработувачот на планот,од Ноември 2007год.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 – 2598/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.11.2007 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Одлуката за донесување измени и дополнувања на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2626/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.11.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), И чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 став 1,точка 15, од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.26 ст.1 точка 7, од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 23.11.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување измени и дополнувања на програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2007година**

**Чл.1**

**Во Програмата за урбанистички планови за 2007год.** за Општина Прилеп ,донесена под бр.07-2351 /3 од 14.12.2006год.,измени и дополнувања бр.о7-2435/10 од 21.12.2006год., бр.07-416/7 од 14.12.2007год.,07-1614/10 од 11.07.2007год и 07-2124/5 од 25.09.2007год.,се дополнуваат во делот под точка **А-ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ** ,се додаваат нови точки 26, и 27 кои гласат:

**26.**.Детален урбанистички план за **УАЕ бр.17,Урбан блок 17/2-дел,блок “А”-** измени и дополнувања.

**27.**Детален урбанистички план за **УАЕ бр.16,Урбан блок 16/2-дел блок “Д”**,измени и дополнување.

**Под точка Б-УРБАНИСРИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНИ МЕСТА** ,се додава нови **точки 15 и 16 и 17 и 18,** кои гласат:

**15.Урбанистички план вон населено место** за изградба на **туристички комплекс за викенд куќи со пратечки содржини, во м.в. “Сечена Глава”,на КП бр.3409,КО Оревоец и КП бр.53 И 54 КО Лениште , во** Општина Прилеп,по барање на ДООЕЛ “АНТИ” од Прилеп .

**16.Урбанистички план вон населено место** за изградба на **комерцијално деловен комплекс со пратечки содржини,** во м.в.”Долно Садово”,во Општина Прилеп,по барање на лицето Спасески Трајче, од Прилеп.

**17.Урбанистички план вон населено место** за изградба на стопански комплекс - **за рециклирање на отпаден најлон и пластика**,на КП бр.207,208 и 209,КО “Ново Лагово” , во Општина Прилеп.

**18.Урбанистички план вон населено место** за изградба на стопански комплекс-**погон за преработка на шумски плодови ,овошје и зеленчук,**на КП бр.3928,КО Прилеп,м.в.”Долно Садово”,во општина Прилеп.

**Чл.2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “ Службен Гласник на Општина Прилеп.

Број 07 – 2598/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.11.2007год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ-ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Одлуката за измени и дополнување-проширување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2626/6
28.11.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст.1 т.2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ бр.5/2002") , како и чл.26 ст.1 т.4 од Статутот на Општина Прилеп ("Сл.Гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005) , Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 23.11.2007 годинаја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнување-проширување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година**

**Чл.1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година и тоа на следниот начин :

| Се зголемуваат приходите на следните подставки **741120 Блок Дотации** | **Буџет** | **Самофинан.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | 1.129.976,оо | | |
| | **Вкупно** | | | **1.129.976,оо** | | |

И се распоредуват на следните Подпрограми и расходни подставки :

| **Н1-Основно Образование** | **Буџет** | **Самофинан.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401130-Нето плати | | | | 80.000 | | |
| 401310-Превоз на вработени | | | | 110.000 | | |
| 401320-Храна | | | | 50.000 | | |
| 401510-Персонален данок | | | | 45.000 | | |
| 402110-ПИО | | | | 80.000 | | |
| 402210-Придонес за здраваавство | | | | 38.000 | | |
| 402220-Дополнително здравство | | | | 11.000 | | |
| 402310-Придонес за вработување | | | | | | |
| 403110-Придонес за водоснабдување | | | | 1.170 | | |
| | **Вкупно** | | | **415.170** | | |

| **Н2-Средно Образование** | **Буџет** | **Самофинан.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401130-Нето плати | | | | 495.506 | | |
| 401310-Превоз на вработени | | | | | | |
| 401320-Храна | | | | | | |
| 401510-Персонален данок | | | | 101.300 | | |
| 402110-ПИО | | | | 47.000 | | |
| 402210-Придонес за здрававство | | | | 54.000 | | |
| 402220-Дополнително здравство | | | | | | |
| 402310-Придонес за вработување | | | | 15.000 | | |
| 403110-Придонес за водоснабдување | | | | 2.000 | | |
| | **Вкупно** | | | **714.806** | | |

**Чл.2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 г. и ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Прилеп”.

Број - 07 – 2598/7
26.11.2007 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаnџија

# ***С О Д Р Ж И Н А***

*на “Службен гласник на Општина Прилеп”*
*број 22 од 28.11.2007 година*


1. Решение за констатирање престанок на мандат на членот на Советот: Дарко Насески. ..................................................................**Стр. 1**

2. Решение за верификација на мандатот на наредниот кандидат од листата на кандидати од ВМРО - ДПМНЕ +, Миле Желчески, за остатокот на мандатот на Советот. .........................**Стр. 2**

3. Решение за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност – Прилеп. ..........................................................**Стр. 2**

4. Одлука за утврдување Нацрт – измени и дополнувања Генерален урбанистички план на град Прилеп. ................................**Стр. 3**

5. Одлука за донесување измени и дополнувања на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2007 година. ................................................**Стр. 5**

6. Одлука за измени и дополнување-проширување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година. ................................................**Стр. 6**



ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.